# ПРИМЕНА НА ИКТ ВО НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА ВО ОСНОВНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

*Билјана Цветкоска, Никола Скендеров, Елизабета Манеска, Жанко Митрески, Влатко Грујоски*

*Факултет за Комуникациски мрежи и безбедност*
*Универзитет за информациско-комуникациски технологии*
*„Св. Апостол Павле“, Охрид*

e-mail: biljana.cvetkoska@cse.uist.edu.mk
nikola.skenderov@cns.uist.edu.mk
elizabeta.maneska@mir.uist.edu.mk
zhanko.mitreski@cse.uist.edu.mk
vlatko.grujoski@cse.uist.edu.mk

Присутноста на информациско-комуникациските технологии (ИКТ) во образованието, во последните неколку години е сè поизразена. Бидејќи во моментов во Македонија постојат само класични тестови и материјали за учење математика во основното образование преку интернет, нашата цел е да направиме интерактивна веб-апликација која ќе се користи како забавна игра или алатка за учење и тестирање. Материјалот во нашата веб-апликација ќе биде според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examination Centre). Нашето истражување има цел да покаже дека врската помеѓу математиката и информатичките науки е нераскинлива, и, доколку се направи правилна комбинација на овие две науки, резултатот може да биде само позитивен и да доведе до големи промени како во образованието, така и во секојдневниот живот.